Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневни настани 09.05.2024

На 08.05.2024 во 11.00 часот на Граничниот премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Ќ.Х.(26) од Република Србија, затоа што при пасошка контрола и гранични проверки било констатирано дека на увид приложил фалсификувана германска возачка дозвола. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 07.05.2024 во Полициското одделение Нов Дојран било пријавено дека во дворно место на ул. „Антон Панов“ во Нов Дојран била пронајдена експлозивна направа. На 08.05.2024 бил извршен увид на местото, а од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување било констатирано дека се работи за граната со калибар 75 мм, која потекнува од Првата светска војна и која била безбедно подигната.

На 08.05.2024 во 18.10 часот на Граничниот премин Долно Блаце, полициски службеници го лишиле од слобода И.Е.(35) од Република Албанија, затоа што при гранична проверка било констатирано дека патничкото возило „мини купер“ со италијански национални ознаки, кое го управувал, е евидентирано во оперативната евиденција по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка - Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 08.05.2024 во 22.20 во Полициската станица Виница било пријавено дека на магистралниот пат Македонска Каменица – Виница, на место викано „Каменолом“, патничко возило „фолксваген тигуан“ со делчевски регистарски ознаки, управувано од Д.Ј.(42) од Делчево, излетало од коловозот. На местото на несреќата од здобиените повреди починал возачот, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Сопатникот Д.Г.(33) од Делчево се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски“ во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Виница.

На 08.05.2024 во 17.15 часот во СВР Куманово било пријавено дека на ул.„11 Ноември“ во Куманово, патничко возило „фолксваген голф“ со кумановски регистарски ознаки, управувано од Н.А.(27) од Куманово, удрило во Р.С.(56) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Р.С., констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 08.05.2024 во 20.10 часот во СВР Велес било пријавено дека на регионалниот пат Велес–с.Извор се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „цитроен саксо“ со велешки регистарски ознаки, управувано од П.М.(44) од Велес и запрежно возило, управувано од Л.Ц.(64) од с.Извор, општина Чашка. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Л.Ц., констатирани во Општа болница Велес. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

Денеска (09.05.2024) во 08.00 часот во Полициската станица Драчево, Л.Е.(43) од Скопје пријавила дека на ул.„Бранко Заревски“ била касната од куче скитник.

На 08.05.2024 во 17.00 часот во охридското село Велгошти, полициски службеници од СВР Охрид го привеле В.К.(40) од Охрид, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.05.2024 во 17.00 часот на улица ,,ЈНА“ во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода И.Б.(51) од скопско Студеничани, поради сомнение дека извршил кривично дело „измама“. Тој се сомничи дека измамил 34 – годишен гостиварец за сума од околу 1.500 евра. Според пријавеното, во јуни 2023 тој се договорил со оштетениот да му го поправи четирициклот, по што ги земал деловите за поправка и од него добил аванс. Меѓутоа, набргу потоа И.Б. престанал да комуницира со 34-годишникот и не ја завршил договорената работа, по што на 16.02.2024 бил пријавен во ОВР Гостивар. Лицето е задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 08.05.2024 во 13.00 часот во ОВР Неготино било пријавено дека во место викано „Црно поле“, атар на Неготино, Т.К.(62) од Неготино, додека извршувал земјоделски активности на нива со трактор, изгубил контрола и се превртел со тракторот. Т.К. бил пренесен во Итна медицинска помош, каде што лекар констатирал смрт. Известен бил јавен обвинител, а увид на местото извршила увидна екипа на ОВР Неготино.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.З.(63) од с.Церово, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „убиство во обид“, „предизвикување на општа опасност“ и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ и против Х.А.(38) од с.Церово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“. На 04.05.2024, по претходна расправија помеѓу пријавените, првопријавениот испукал три куршуми од автоматска пушка, по што бил физички нападнат од второпријавениот.

На 08.05.2024 во 18.35 часот во СВР Скопје, 30 - годишна жена пријавила дека во семејниот дом на подрачјето на Бит Пазар била физички нападната од нејзиниот сопруг О.Ѓ.(38) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Делчево поднесе кривична пријава против Д.Ц.(52) од Делчево, директорка на средно училиште, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во службата“. Пријавената, без да спроведе транспарентна постапка за набавка на стоки и услуги, извршила набавка од повеќе правни лица во вкупна вредност од 905.482 денари, а со Законот за јавни набавки е предвидено дека износот на извршени набавки без спроведена јавна набавка во текот на годината не смее да го надмине износот од 12.000 евра во денарска противвредност.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(41) од Тетово и Ј.Б.(37) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“. На 08.02.2024, по претходна расправија, пријавените физички го нападнале А.Н.(54), а притоа употребиле и тврд предмет.

На 08.05.2024 во 23.20 часот во СВР Скопје, И.С.(44) од Скопје пријавила дека околу 20.30 часот на подрачјето на Гази Баба, прскајќи со вода, предупредила лица кои славеле пред нејзината зграда да ја намалат вревата, по што повеќе лица фрлиле со лименки кон неа и ја повределе. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.Х.(56) од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца“. На 07.02.2024 полициски службеници извршиле контрола на патничко возило „фолксваген голф“, управувано од пријавениот, при што било констатирано дека вршел јавен превоз без да поседува соодветна лиценца.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет